Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите-

**Архивски број:** 17 - 7430/1
**Датум:**
09 -10- 2019

**До:**
**Медиуми**
**Јавно обвинителство на Република Северна Македонија**
**Министерство за внатрешни работи**

Почитувани,

Интер ресорската група за еднакви можности на жените и мажите, која е формирана со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, во изминатиот период испрати неколку соопштенија до институциите и до медиумите со кои остро реагираше на сексизмот и говорот на омраза кон жените од јавниот и политичкиот живот, со кој се исмејуваат, навредуваат, омаловажуваат и деградираат жените, притоа алудирајќи на сексуалноста и прикажувајќи ги како објект на задоволување на сексуалните потреби на мажите.

Го осудуваме секој говор на омраза кон жените со кој до израз доаѓа високото ниво на присутност на стереотипите и предрасудите во нашето општество само затоа што тие се „дрзнале и отстапиле од социјалните родови норми кои ги исклучуваат од процесите на носење одлуки„.

Ги повикуваме повторно, медиумите, здруженијата на новинари, Советот на етика во медиумите и Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, преку свои реакции да ги осудат ваквите настапи, но и да одат чекор напред, да се осмелат и да се вклучат во промовирањето на родовата еднаквост.

Апелираме повторно, до одговорните институции соодветно да реагираат на сите сексистички напади и на говорот на омраза насочен кон жените.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
email:
interresorska@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите-

Повторно испраќаме повик до граѓаните и медиумите да ги препознаваат онлајн нападите и сексистичката злоупотреба на социјалните медиуми што влијаат на достоинството на жената и да не ги споделуваат и шират во јавноста.

Повикуваме сите заедно да покажеме силна определба и зрелост во справувањето со сексизмот и неговите манифестации и облици во јавната и приватната сфера и унапредувањето на родовате еднаквост.

Со почит,

**Координатор на ИРГ**
**ЈованаТренчевска**

**Министер**
**Мила Царовска**



Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
email:
interresorska@mtsp.gov.mk